# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 27 Јули 2026 година<br>Скопје<br>Бр.9 Год. XXI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди и други несреќи ......................................................стр.2
2. Одлука за доделување на хуманитарна помош на граѓани на Општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење ..........................................................стр.5


**Јули 2026 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## **За објавување на Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди и други несреќи**

Се објавува одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди и други несреќи, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Вонредна (1-ва) седница, одржана на ден 27.07.2026 година.

**Број 02-1253/1**
**од 29.07.2026 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување(службен весник на РМ број36/04,49/04,86/08,124/10,18/11,41/14, 129/15,71/16, 106/16 83/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21, 124/25 и 148/26 ) , член 62 од Законот за локалната самоуправа(Службен весниук на РМ број 05/02) и Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината наштетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи (Службен весник на Рм број 98/05,152/10 и 90/15 и 194/19) Советот на општина Ѓорче Петров на вонредната седницата оддржана на ден 27.07.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За формирање на комисијаза процена и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди и други несреки**

**Член 1**

Се формира Комисија за процена и утврдување на висина на настаната штета од природни непогоди и други несреќи во во следниот сотав:

**1.Кире Ристовски -претседатл**
**2.Драган Трпевски – заменик претседател**
**3.Верче Стојановска - член**
**4.Даниел Петковски- член**
**5.Антониот Таневски -член**

Мандатот на претседателот,заменик претседателот, членовите на Комисијата трае 4 години сметано од денот на донесување на одлуката од страна на советот на општината.

**Член 2**

Комисијата за процена и урврдување на висина на штета се формира за утврдување на видот и висината на штетата во физички и вредносни показатели, по територија, средства, време и причини за настанување и тоа за корисници и сопственици на имот.

Резултатите од процената на штетите се користат за утврдување на конкретни мерки за отстранување на настанатите штети, утврдување на големината на загубите.

**Член 3**

Процената на штета се врши за целото подрачје кое претрпело штаета од природни непогоди и други несреќи.

При процена и утврдување на висината на штетата врз средствата и другите материјални добра, комисијата постапува согласно Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината штетата настанати од прирофни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија бр.98/05,90/15 и 194/19), а ја применуваат Методологија за процена на штетите од природни непогоди и други несреќи, усвоена од Владата на Република Северна Македонија(Службен весник на Република Северна Македонија).

**Член 4**

Комисијата е должна да изготви збирен извештај за проценетата штети на територијата на Општина Ѓорче Петров и да го достави до градоначалникот и советот на

општината и до Комисијата што ја формира Валдатра на Република Северна Македонија.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила на денот на објавување во Службен гласник на општина Ѓорче Петров.

**Број 02-1201/2**
**од 27.07.2026 год.**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседатател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за доделување на хуманитарна помош на граѓани на Општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење**

Се објавува одлуката за доделување на хуманитарна помош на граѓани на Општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Вонредна (1-ва) седница, одржана на ден 27.07.2026 година.

**Број 02-1253/2**
**од 29.07.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основ на член 22 став 1 точка 10 а в.в. со член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа, („Службен весник на РСМ" бр.5/02 и 202/2024), и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓотче Петров број 8/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на вонредната седницата одржана на ден 27.07.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на хуманитарна помош на граѓани на општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење**

**Член 1**

Со оваа одлука се доделува хуманитарна помош на граѓани на општина Гостивар погодени од загадувањето на водата за пиење.

**Член 2**

Општина Ѓорче Петров како хуманитарна помош од својот Буџет издвои финансиски средства во износ од 300.000, оо денари.

Средствата се обезбедат од потпрограмата А0-Совет на Општина Ѓорче Петров, ставка 412-постојани резерви, потставка 412110 постојана резерва (непредвидливи расходи) и кои што средства се уплаќаат на:

сметка на Фонд на солидарноста на Црвен крст на РСМ: 300000001327966

Даночен број: 4030984271620

Депонент:АД Комерцијална Банка Скопје

Назнака: помош за граѓани на општина Гостивар погодени од загадување на водата за пиење.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила на денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓирче Петров".

**Број 02-1201/3**
**од 27.07.2026 год.**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**